Врз основа на точка IV од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 14/2023), а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активностите предвидени со годишната програма за култура за 2024 година година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 2/2024), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС, бр. 1**

**1. Предмет на Јавниот оглас**

Општина Ѓорче Петров доделува финансиски средства предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2024 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 14/2023), во натамошниот текст – Програма за култура.

**2. Право на учество на Јавниот оглас**

На јавниот оглас можат да учествуваат здруженија од областа на културата, автори, уметници и други правни и физички лица кои се регистрирани за активности од областа на културата со седиште, односно живеалиште во Општина Ѓорче Петров.

На јавниот оглас можат да учествуваат и здруженија на граѓани, автори уметници и други правни и физички лица чие што седиште, живеалиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ако реализацијата на културната активност се реализира на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**3. Активности за кои се објавува јавниот оглас и потребни документи за пријава**

**3.1. Поддршка и партиципација на Општина Ѓорче Петров во финансиските трошоци за реализација на надворешни проекти од областа на културата; програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров; автори, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата, со вкупен износ од 800.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности).**

**<u>Опис:</u>**

Поддршката и партиципацијата се однесуваат на:

-добивање логистичка, техничка и финансиска поддршка на проектите за кои Општината е согласна дека може да се реализираат и/или во соработка со владини или невладини организации.

-логистичка и финансиска поддршка на програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров;

-логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров

**Цел:**

Издигнување на културната свест на граѓаните, поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани и преку соработка, промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата создавање на одговорно општество.

Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување; традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонската култура и традиција.

**Потребни документи:**

- биографија на апликантот / краток историјат на здружението
- потполнета пријава
- реализирани активности
- постигнати успеси

-акциски план за реализација на активностите во рамките на програмата/проектот

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста

-континуитет на традиционални културно-уметнички манифестации

-афирмација на општината преку своето делување/активностите/проектот

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект/простор за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции)

-детално разработена програма/план и документи поврзани со реализација на активноста (обезбеден простор , обезбедени дополнителни финансии и слично)

-приложена покана/доказ за настап или учество на фестивал/конкурс на уметници/физички лица, за патувања за настапи во странство. (само за физички лица со живеалиште во Општина Ѓорче Петров).

**3.2. Манифестација „Звуци на културата во Ѓорче 2024“, со вкупен износ од 400.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности).**

**<u>Опис</u>**:

Во рамките на оваа активност се подразбира кофинансирање за комплетна организација и ангажирање на учесници за реализација на „ Звуците на културата во Ѓорче 2024 “ со содржини и за повозрасната популација, но и за најмладите.

**<u>Цел:</u>**

Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните, афирмација на млади таленти, како и помалку познати пејачи и бендови пред се од територијата на општината, издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката, да се даде поттик и шанса, особено преку финансиска поддршка, на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.

Период на реализација: од јуни до септември; времетраење на активноста од 2 до 5 дена.

**<u>Потребни документи:</u>**

- биографија/краток историјат на здружение, реализирани активности и постигнати успеси

-акциски план за реализација на активностите во рамките на програмата/проектот

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста

-континуитет на традиционални културно-уметнички манифестации

-организирање на активностите во рамки на понудената програма на територијата на Општина Ѓорче Петров

-потполнета пријава

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија ( не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработена програма/план и документи поврзани со реализација на активноста (авторски договори со учесниците, обезбеден простор или партнерство со некоја установа/организација, обезбедени дополнителни финансии и слично)

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции)

-прилози, фотографии, награди и сл. од претходно организирани настани.

**3.3. Културно-уметничка програма по повод одбележувањето на Денот на Општина Ѓорче Петров, „20 Септември“, со вкупен износ од 400.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности).**

**Опис:**

Во пресрет на Денот на Општината, „20 Септември“, во попладневните часови се организира културно-уметничка програма, како дел од повеќе манифестации по повод Денот на Општината.

**Цел:**

Збогатување на културниот живот со кофинансирање на активности за издигнување на свеста кај граѓаните за активно учество во културниот живот, издигнување на културата во општината, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција, афирмација на млади таленти , но и да се даде поттик, поддршка и шанса на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот.

Промоција на Општина Ѓорче Петров преку културните манифестации; активно вклучување на граѓаните, училиштата, вработените во одбележување на овој ден преку учество во културните е настани.

**Потребни документи:**

-биографија на апликантот /краток историјат на здружението

-потполнета пријава

-реализирани активности

-постигнати успеси

-акциски план за реализација на активностите во рамките на програмата/проектот

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста

-континуитет на традиционални културно-уметнички манифестации

-афирмација на општината преку своето делување/активностите/проектот

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија( не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции)

-детално разработена програма/план и документи поврзани со реализација на активноста (обезбеден простор , обезбедени дополнителни финансии и слично).

**3.4. Креативни работилници со уметници, граѓани, младинци и деца, со вкупен износ од 100.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности).**

**Опис:**

Во рамките на оваа активност под менторство на уметници од областа на уметноста (вајарство, сликање, цртање и различни техники) ќе се изработуваат, цртежи, најразлични изработки од хартија, пластика, тесто, глинамол, пластелин и друг материјал) преку организирање на едукативни работилници за деца и млади.

**Цел:**

Поттикнување на креативноста, уметничките способности и подобрување на културниот развој на децата и младите, едукација на граѓаните и младите за различните техники на уметноста, на креирањето меѓу кои и постарите занаети како резба, вајарство, филигранство и др.

**Потребни документи:**

-биографија на апликантот /краток историјат на здружението

-потполнета пријава

-реализирани активности

-постигнати успеси

-акциски план за реализација на активностите во рамките на програмата/проектот

-континуитет во активности од областа на уметноста и организирање креативни работилници

-афирмација на општината преку своето делување/активностите/проектот

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија ( не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции)

-детално разработена програма/план и документи поврзани со реализација на активноста (обезбеден простор , обезбедени дополнителни финансии и слично).

**3.5. Манифестација „Звуци на традицијата“ со вкупен износ од 100.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности)**

**Опис**:

Општината логистички и финансиски поддржува програми, концерти, работилници, активности, настапи, ревија на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров кои достојно и на високо професионално ниво ја претставуваат општината, а на своите турнеи надвор од Македонија го претставуваат и афирмираат македонскиот фолклор и традиција. На овој начин се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко.

**Цел**:

-користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот во општината

-промоција на значењето на културното наследство на територијата на Општина Ѓорче Петров

-традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција

-поттикнување на почит кон традиционалните културни вредности

-популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Ѓорче Петров

**Потребни документи:**

-биографија/краток историјат, постигнати резултати и успеси

-потполнета пријава

-континуитет во негување на фолкорот и традицијата на територија на ОЃП

-континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за Општина Ѓорче Петров

-документ за регистрирана дејност со адреса на територија на Општина Ѓорче Петров, издаден од Централен регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции).

**3.6. Активности за поттикнување на инклузијата преку културата под единствен наслов, „Сите сме исти", со вкупен износ од 130.000,00 денари (за сите одобрени проекти и активности).**

**Опис:**

Спроведување на активности (концерт, изложба, работилници) со лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров преку заедничка соработка со здруженија, невладини организации.

Целни групи се лицата со интелектуална попреченост, семејствата на лицата со попреченост, наставниот кадар во училиштата, посетителите на активностите и сите граѓани.

**Цел:**

- поттикнување и афирмирање на инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров

-зголемена свесност за сите предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост и атипичен развој и поголемо разбирање за нив

-зголемување на свесноста и уметничките вештини кај лицата со попреченост

-зголемување на сензитивноста кон лицата со попреченост и подобра интеграција во општеството воопшто.

-придонес кон подобрување на политиките на локално ниво за подобра интеграција на лицата со попреченост преку креативни работилници и културни настани.

-работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;

Потребни документи:

-краток историјат, постигнати резултати и успеси

-потполнета пријава

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија (не постар од 6 месеци)

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-изјава за обезбеден соодветен објект за активностите

-програма за работа за 2024 година

-детално разработен финансов план и конструкција за потребните средства за реализација на барањето по апликацијата (број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции).

## 4. Рок и начин на пријавување

Пријавите треба да се доставаат до Општина Ѓорче Петров преку пошта на адреса : Општина Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр.22, Скопје, или да се оставаат во архивата на Општина Ѓорче Петров од 08.00 часот до 16.00 часот заклучно со последниот ден од Јавниот оглас.

Напомена: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Пријавата е на изготвен образец кој што е во прилог на овој Јавен оглас.

На пликот со кој се доставува потребната документација се става ознака „не отварај" и се адресира до Комисијата за доделување на буџетски средства од програмата за култура за 2024 година.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува подносителот.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на огласот и трае заклучно со 28.02.2024 година.

Одлуката за извршениот избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Ѓорче Петров, во рок не подоцна од 30 (триесет) дена од завршување на огласот.

Против одлуката за избор, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од 5 (пет) дена по објавата за извршениот избор. Приговорот се поднесува до Комисијата, а по истиот одлучува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор.

Одлуката на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров е конечна.

По конечноста на Одлуката, Општина Ѓорче Петров и избраните корисници склучуваат Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности.

Договорот во име на Општина Ѓорче Петров го склучува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

По склучување на договорот се исплаќа половина од одобрените финансиски средства.

## 5. Извештај за добиените средства

Корисниците на финансиски средства се обврзуваат до крајот на календарската година, односно по реализација на активностите да достават извештај за реализираните активности и финансиски извештај за потрошените средства.

Извештајот се доставува до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Остатокот од одобрените финансиски средства се исплаќаат по достава на финансискиот извештај.

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Стојкоски**